**До**
**Наставно – научен совет на**
**Стоматолошкиот факултет при**
**Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје**

# РЕЦЕНЗИЈА

НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД СО НАСЛОВ "ВЛИЈАНИЕ НА МОТИВИРАЧКО ИНТЕРВЈУ ВРЗ ОДРЖУВАЊЕТО НА ОРАЛНАТА ХИГИЕНА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ГИНГИВАЛНА И ПАРОДОНТАЛНА БОЛЕСТ" од Д-р КАТЕРИНА ВЕЛИЧКОВСКА

Наставно – научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својатата 18 -та редовна седница, одржана на 8 .X. 2014 година, по предлог на одборот за постдипломски студии, едногласно донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за оценка на магистерскиот труд поднесен од д-р Катерина Величковска, под наслов "ВЛИЈАНИЕ НА МОТИВИРАЧКО ИНТЕРВЈУ ВРЗ ОДРЖУВАЊЕТО НА ОРАЛНАТА ХИГИЕНА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ГИНГИВАЛНА И ПАРОДОНТАЛНА БОЛЕСТ ", во состав:

Проф. д-р Киро Ивановски
Проф. д-р Огнен Спасовски
Проф. д-р Маја Пандилова

Рецезентската комисија по темелното разгледување и проучување на доставениот материјал, на Наставно – научниот совет му го поднесува следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

Магистерскиот труд под наслов "Влијание на мотивирачко интервју врз одржувањето на оралната хигиена кај пациенти со гингивална и пародонтална болест " од д-р Катерина Величковска, е изнесен на 93 страни, содржи 42 табели и 3 графикони.

Структурата на магистерскиот труд ја сочинуваат 8 поглавја: вовед, литературен преглед, цел на трудот, материјал и метод на работа, резултати, дискусија, заклучоци и литература.

Во "Воведот" кој е изнесен на 6 страни, авторот укажува дека зачувувањето на пародонталното здравје кај секој поединечен пациент е голем предизвик со кој секојдневно се сретнува секој стоматолог. Пародонтопатијата е заболување кое е присутно кај голем дел од возрасната светска популација, пред се затоа што

одржувањето на пародонталното здравје бара и соодветно однесување. Вештините за спроведување на конзервативната терапија на пародонтопатијата па и превентивните мерки, спаѓаат во рутинска работа со која се здобива во целост секој стоматолог по завршувањето на своите студии. Најголем дел од здравствена едукација е дадена во форма на совети, а советите најчесто се дадени во форма на знаење. Се претпоставува дека со обезбедување на знаење ќе има промена на ставот кај пациентот, а со тоа и промена на однесувањето во однос на оралното здравје. За разлика од традиционалниот начин, техниката на мотивирачкото интервју препорачува наместо информациите да се даваат во форма на некој медицински рецепт, подобро е тие истите да се презентираат на таков начин што пациентите ќе чувствуваат дека тоа е важно за нив и ќе го прифатат на соодветен начин. Затоа оваа техника се покажала како корисна во подобрување на оралното здравје.

Во второто поглавје "Литературен преглед", изнесено на 11 страни, авторот укажува на литературните податоци од бројни истражувања насочени кон концептот на МИ- мотивирачко интервју, кој за прв пат бил применет кај пациенти кои имале проблем со алкохолизмот. Бројните литературни податоци говорат за значителни подобрувања во клиничките параметри кај пациенти со пародонтопатија кај кои е применето мотивирачко интервју во споредба со конвенционалниот (традиционалниот) пристап. Истражувањата на голем број автори укажуваат како МИ-мотивирачкото интервју предизвикува позитивни промени во однесувањето на пациентите во третман на алкохолизам, кај зависност од наркотични супстанци, како и голем број на здравствени проблеми од типот на кардиоваскуларни заболувања, хипертензија, проблеми со исхрана и слично. Резултатите покажале дека пациентите каде било применето МИ-мотивирачко интервју покажале многу подобри резултати во подобрувањето на оралното здравје.

Во поглавјето "Цел на трудот" имајќи го во предвид претходно изнесеното, авторот ја формира целта на трудот: да се утврдат ефектите на мотивирачкото интервју во споредба со традиционалниот пристап во одржувањето на оралната хигиена кај пациентите со гингивални и пародонтални заболувања, преку следење на објективни клинички параметри како индексот на гингвална инфламација и крварење и плак индексот како и апроксимален дентален плак.

Во следното поглавје, "Материјал и метод на работа" на 8 страни, даден е методолошкиот пристап за реализација на поставената цел. Во истражувањето биле проследени 125 пациенти од кои 80 го продолжиле третманот додека 45 не го продолжиле третманот, што уште на почетокот акцентот е ставен на важноста на мотивацијата кај пациентите. Пациентите претходно не биле лекувани од пародонтално- гингивални заболувања, и биле на возраст од 35-55 години. Пациентите биле поделени во две групи експериментална и контролна и истите доаѓале после 1 недела и после 1 месец од првичниот третман. Од пациентите кои го продолжиле третманот експерименталната група ја сочинувале 40 пациенти, кај кои била применета техниката на МИ- мотивирачкото интервју по подготвен протокол во сите три посети. Мотивирачкото интервју беше изведено од исти терапевти кои претходно поминаа консултации и обука на Институтот за Психологија при Филозофскиот

факултет во Скопје. Контролната група ја сочинувале 40 пациенти кај кои бил применуван традиционалниот пристап со давање на вообичаена информација за заболувањето и како треба да се однесуваат. Кај сите пациенти биле спроведени анкетен прашалник и клиничките испитувања: Индекс на гингивално крварење и инфламација по Silness –Loe, плак индекс по O` Leary, Drake & Nylor, како и наша модификација за апроксимален индекс по O` Leary, Drake & Nylor- индекс на апроксимален дентален плак (АДП). Добиените резултати од испитуваните групи биле статистички обработени во статистичките програми Statistica 6. 0. For Windows и Student- t test за согледување на разликите помеѓу двете групи.

Во поглавјето "Резултати", добиените податоци се темелно анализирани, статистички обработени на 39 страни, преку 42 табели и 3 графикони. Во реализираните испитувања авторот регистрирал резултати од средни вредности за индексот на денталниот плак и констатирал опаѓање на вредностите кај двете групи после 1 недела, додека зголемување на вредностите после 1 месец кај контролната група, што оствари сигнификантна значајност. Биле регистрирани и средните вредности на индексот на гингивалната инфламација каде е констатирано опаѓање на вредностите кај двете групи после 1 недела, што оствари сигнификантна значајност, но после 1 месец вредностите остварија сигнификантност но не остварија статистичка значајност во однос на измерени почетни вредности. Биле регистрирани и средните вредности на индексот на гингивалното крварење каде е констатирано опаѓање на вредностите кај двете групи после 1 недела, што оствари сигнификантна значајност, но после 1 месец вредностите остварија сигнификантност но не остварија статистичка значајност. Биле регистрирани и средните вредности на индексот на денталниот плак кај двата пола, при што добиените резултати остварија статистичка значајност кај двете групи и кај двата пола после 1 недела додека не оствари статистичка значајност после 1 месец кај испитаници од машкиот пол кај контролната група. На крајот биле регистрирани и резултатите од средните вредности на апроксимален дентален плак и констатирал опаѓање на вредностите кај двете групи после 1 недела, додека зголемување на вредностите после 1 месец кај контролната група, што оствари сигнификантна значајност.

Во поглавјето "Дискусија" изнесено на 11 страни, авторот ги споредува и ги коментира сопствените резултати со оние кај цитираните автори. Досегашните мета анализи, системските прегледи на литературните податоци од најразлични испитувања за методите и начините за промоција на оралното здравје укажуваат на недостаток или можеби дури и отсуство на развиени ефективни методи за пренос на информациите како и методи кои би влијаеле на поединците да усвојат корисни навики во интерес на зачувувањето на оралното и општото здравје. Најчесто користени методи се куративно-реставративните методи, со традиционален пристап, по пат на кратко пласирана информација или брошури или пласман на информацијата преку медиумите. Ниту една од овие методи досега не дала значителен резултат, пред се затоа што биле занемарени социо- културните посебности како и бихевиоралните детерминанти на поединците или одредени групи на население. Во последниве неколку декади за многу истражувачи како и клиничари голем предизвик било, сознанијата стекнати од различни области да се соединат и да се претворат во корисни методи за населението кои ќе создадат можности и услови за подобро орално здравје, а кои ќе бидат достапни за секој поединец. Еден ваков пристап кој се повеќе се развива во последните години, а користи сознанија за промени во

навиките и однесувањето на индивидуите од науките како психологијата е мотивирачкото интервју. Како потврда за успешноста на мотивирачкото интервју се резултатите добиени од експерименталната и контролната група. Споредувајќи ги двете групи дојдовме до сознание дека испитаниците од експерименталната група покажаа значителни подобрувања во пародонталната состојба веќе по 1 недела, со континуитет и после 1 месец. За разлика од нив кај испитаниците од контролната група кај кои отсуствуваше мотивација, пародонталната состојба повторно остануваше на почетното ниво или се влошуваше.

Поглавјето "Заклучоци", презентирано на 2 страни, врз основа на добиените резултати и нивната статистичка анализа авторот го заклучува следното: намалување на индексни вредности за дентален плак, гингивалната инфламација и гингивалното крварење во континуитет покажуваат долготрајна мотивираност кај пациентите врз одржувањето на оралната хигиена. Намалувањето на индексните вредности кај апроксимален дентален плак покажуваат мотивираност за користење на интердентални четкички што исто така е важно за оралното здравје. Редовност на закажаните прегледи оствариле во поголем процент пациентите со мотивирачко интервју за разлика од контролната група. Ваквите наоди му дозволуваат на авторот да даде предност на мотивирачкото интервју над традиционалниот пристап пред се за постигнување на редовност во стоматолошки третман и одржување на постигнатите резултати.

Во поглавјето "Литература" се цитирани 73 референци од странски и домашни автори, како од постари така и од понови датуми.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија, по разгледувањето на поднесениот магистерски труд со наслов "Влијание на мотивирачко интервју врз одржувањето на оралната хигиена кај пациенти со гингивална и пародонтална болест" од д-р Катерина Величковска, заклучи дека истиот претставува самостоен научен труд кој ги задоволува и формалните и суштинските аспекти на еден магистерски труд, поради што комисијата со задоволство им предлага на членовите на Наставно - научниот совет да го прифатат позитивниот рецезентски извештај и да му овозможи на кандидатот да го брани магистерскиот труд.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1.проф .д-р Киро Ивановски

_______________________

2.проф. д-р Огнен Спасовски

_______________________

3.проф. д-р Маја Пандилова

_______________________